**20140561733**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**

Врз основа на член 128 став 1 алинеја 6 од Законот за полиција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 114/06, 6/09, 145/12 и 41/14), министерот за внатрешни работи донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИИТЕ НА ПОЛИЦИЈАТА И ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА ЕВИДЕНЦИИТЕ НА ПОЛИЦИЈАТА

Член 1

Во Правилникот за содржината и начинот на водење на евиденциите на Полицијата и формата и содржината на образецот на евиденциите на Полицијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 160/13), членот 8 се менува и гласи:

„ (1) Во евиденцијата за лица за кои постојат основи за сомневање дека се сторители на кривични дела или прекршоци содржани се податоци од ставовите (5), (6), (7) и (8) на овој член.

(2) Евиденцијата од ставот (1) на овој член се води хариено, во укоричени книги со страници со растечка големина, кои започнуваат со реден број еден на почетокот на календарската година и завршуваат со реден број од последно евидентираниот настан во календарската година.

(3) Димензиите на укоричените книги од ставот (2) на овој член се 210 милиметри на 297 милиметри (А 4 формат).

(4) Укоричените книги од ставот (2) на овој член се водат според Образец број 6 кој е составен од два дела и содржи вкупно 15 рубрики од кои рубриките 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7 и 8 формираат посебен дел „податоци за оперативната информација, оперативниот извештај или извештајот за легитимирано или непосредно забележано лице“, а рубриките 9, 10, 11, 12 и 13 формираат посебен дел „Податоци за изворот на информацијата“, Образец број 6-а кој содржи вкупно девет рубрики и Образец број 6-б кој содржи вкупно девет рубрики.

(5) Во првиот дел од образец број 6 од ставот (4) на овој член се запишуваат следните податоци: во рубрика 1 „Реден број, оперативна информација /оперативен извештај/ непосредно забележано лице, број и датум“ се запишува редниот број на уписот, видот на добиената информација (оперативна информација, оперативен извештај или извештај за легитимирано или непосредно забележано лице, број и датум на добиената информација; во рубриката 2 „Датум кога е извршен уписот“ се запишува денот, месецот и годината кога е извршен уписот; во рубриката 3 „Презиме, име и организациска единица на полицискиот службеник кој ја добил и изготвил информацијата„ се запишува името и презимето на полицискиот службеник кој ја добил и изготвил оперативната информација, оперативниот извештај или извештајот за легитимирано или непосредно забележано лице и називот на организационата единица во која работи; во рубриката 4 „Кратка содржина“ се запишува се запишува област на криминал, краток опис на настанот/појавата/кривичното дело или прекршокот за кој е собрана информацијата; во рубриката 5„Презиме и име на лицето или лицата за кои постојат основи на сомневање дека се сторители на кривични дела и прекршоци“, се запишува презимето, името, ден, месец, година и местото на раѓање, живеалиштето или престојувалиштето и единствениот матичен број на лицето или лицата за кои постојат основи на сомневање дека се сторители на кривични дела или прекршоци; во рубриката 6 „Проценка на информацијата 5x5“ се

запишува проценка на содржината на информацијата (Пример: (А-1) -доверлив во сите случаи –со сигурност се знае дека е вистина, (Д-2) -неможе да се процени -изворот е лично запознат, меѓутоа не и ОСЛ, (Д-5) -неможе да се процени -постои сомнение дека е погрешна; во рубриката 7 „Презиме и име на полицискиот службеник задолжен за постапување“ се запишува името и презимето на Инспекторот за разузнавање кој е задолжен да постапува по информацијата; во рубриката број 8 „Барани појаснувања на полицискиот службеник во врска со информацијата и датум“ се запишуваат бараните појаснувања кои телефонски или на друг начин ги побарал инспекторот за разузнавање од подносителот и датумот коге е побарано појаснувањето.

(6) Во вториот дел од образец 6 од ставот (4) на овој член се запишуваат следните податоци: во рубриката број 9 „Број на граѓанинот“ се запишува бројот и ден, месец и година кога е евидентиран граѓанинот; во рубриката број 10 „Презиме, име, единствен матичен број на граѓанинот“, се запишува презимето, името, прекар, лице викано, ден, месец, година на раѓање и единствен матичен број на граѓанинот; рубрика број 11 „Место и адреса на живеење“, се запишува место (град, село, населено место и т.н.) и адреса на живеење (улица и број) на граѓанинот; во рубриката број 12 „Датум на извршена контрола“ се запишува денот, месецет, годината и часот кога е извршена контрола од инспекторот за разузнавање; во рубриката број 13 „Датум на доставени податоци за граѓанинот до надлежната организациона единицата “ се запишува денот, месецот и годината кога податоците се доставени до надлежната организациона единицата; во рубриката број 14 „Изготвен оперативен извештај со број и датум“ се запишува изготвениот оперативен извештај (да-не) со евиденциски број и датум; во рубриката број 15 „Забелешка“ се запишуваат други податоци за лицето или лицата за кои постојат основи на сомневање дека се сторители на кривични дела или прекршоци, за граѓанинот како извор на сознание, извршени контроли и полицискиот службеник, а кои не можат да се запишат во другите рубрики на образецот.

(7) Во образецот 6-а од ставот (4) на овој член се запишуваат следните податоци: во рубрика 1 „Реден број“ се запишува Реден број/Датум кога е извршен уписот“ се запишува редниот број и денот, месецот и годината кога е извршен уписот; во рубрика 2 „Врска информација со број и датум“ се запишува евидентен број со ден, месец и година на оперативната информација, оперативен извештај или извештај за легитимирано или непосредно забележано лице или друг службен материјал; во рубриката 3 „Кратка содржина на оперативниот извештај“ се запишува област на криминал, видот на кривично дело или прекршок (што е објект на напад, начинот на извршување и др.); во рубриката 4 „Презиме и име на лицето или лицата за кои постојат основи на сомневање дека се сторители на кривични дела или прекршоци“ се запишува презиме, име, прекар, ден, месец, година и место на раѓање, живеалиште, престојувалиште и единствен матичен број на лицето или лицата за кои постојат основи на сомневање дека се сторители на кривични дела или прекршоци; во рубриката број 5 „Проценка на извештајот 5x5x5“ се запишува проценка на содржината на информацијата Пример: (А-1-5) -доверлив во сите случаи –со сигурност се знае дека е вистина -достапна само за организациски единици кои се наведени, (Д-2-4) -неможе да се процени -изворот е лично запознат меѓутоа не и ОСЛ-достапна за сите организациони единици во МВР, (Д-5-5) -неможе да се процени -постои сомнение дека е погрешна -достапна само за организациски единици кои се наведени...); во рубриката број 6 „Организациска единица или друг орган на кој е доставен“ се запишува организациската единица во Министерството за внатрешни работи или друг орган на кој е доставен оперативниот извештај за понатамошно постапување; во рубриката со реден број 7 „Презиме и име на полицискиот службеник кој го изготвил оперативниот извештај“ се запишува презиме и име на полицискиот службеник кој го изготвил оперативниот извештај; во рубриката број 8 „Одложен оперативен извештај во“

се запишува местото каде е одложен оперативниот извештај (криминалистичко истражување, криминалистичка обработка, криминалистичка контрола, оперативна акција или во друг предмет-по проблематика); во рубриката број 9 „Вид на актот со евиденциски број и датум кој се изготвува по оперативниот извештај“ се запишува видот на актот, евиденциски број, ден, месец, година, кој се изготвува (кривична пријава, известувње, барање за поведување на прекршочна постапка, службена белешка и друго), по оперативниот извештај или понатамошен начин на постапување (запирање на понатамошна работа, вршење на дополнителни проверки, отворена оперативна обработка и слично) во рубриката број 10 „Забелешка“ се запишуваат други податоци кои се важни за лицето или лицата за кои постојат основи на сомневање дека се сторители на кривични дела или прекршоци, полицискиот службеник и превземените мерки, кои не можат да се запишат во другите рубрики на образецот.

(8) Во образецот 6-б од ставот (4) на овој член се запишуваат следните податоци: во рубриката 1 „Реден број/Датум кога е извршен уписот“ се запишува Реден број на уписот и ден, месец и година кога е извршен уписот; во рубриката 2 „Оперативен извештај (број, датум)/Проценка на извештајот“ се запишува евиденциски број на примениот оперативен извештај со ден, месец и година кога истиот е изготвен и проценка на содржината на оперативниот извештај (Пример: (А-1-5) -доверлив во сите случаи –со сигурност се знае дека е вистина -достапна само за организациски единици кои се наведени, (Д-2-4) -score може да се процени -изворот е лично запознат меѓутоа не и ОСЛ-достапна за сите организациони единици во МВР, (Д-5-5) -score може да се процени -постои сомнение дека е погрешна -достапна само за организациски единици кои се наведени...); во рубриката 3 „Презиме, име и организациска единица на полицискиот службеник кој го изготвил оперативниот извештај“ се запишува Презимето и името на полицискиот службеник кој го изготвил оперативниот извештај и назив на организациската единица во која е вработен полицискиот службеник кој го изготвил оперативниот извештај; во рубриката 4 „Кратка содржина на оперативниот извештај“ се запишува кратка содржина од оперативниот извештај (сознание за видот на кривично дело или прекршок, каде и кога се случило, што е објект на напад и начинот на извршување на кривичното дело или прекршок); во рубриката 5 „Презиме и име на лицето или лицата за кои постојат основи на сомневање дека се сторители на кривични дела или прекршоци“ се запишува Презиме и име, прекар, ден месец, година и место на раѓање, живеалиште или престојувалиште и единствен матичен број на лицето или лицата за кои постојат основи на сомневање дека се сторители на кривични дела или прекршоци; во рубриката 6 „Презиме, име и организациска единица на полицискиот службеник кој е задолжен за постапување“ се запишува Презимето и името и организациската единица на полицискиот службеник кој е задолжен за постапување по оперативниот извештај; во рубриката 7 „Вид на актот со евиденциски број и датум кој се изготвува по оперативниот извештај“ се запишува Видот на актот, евиденциски број, ден, месец, година, кој се изготвува (кривична пријава, известување, барање за поведување на прекршочна постапка, службена белешка и друго) по оперативниот извештај или понатамошен начин на постапување (запирање на понатамошна работа, вршење на дополнителни проверки, отворена оперативна обработка и слично); во рубриката 8 „Евиденциски број и датум на известување“ се запишува евиденциски број со ден, месец и година на известување испратено до подносителот на оперативниот извештај кое ги содржи податоците од рубрика 7 и во рубриката 9 „Забелешка“ се запишуваат други податоци кои се важни за лицето или лицата за кои постојат основи на сомевање дека се сторители на кривични дела или прекршоци, полицискиот службеник и преземените мерки, кои не можат да се запишат во другите рубрики на образецот.“

Член 2

Образецот број 6 се заменува со нов Образец 6 кој е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

По Образецот број 6 се додаваат два нови обрасци Образец број 6-а и Образец број 6-б кои се дадени во прилог и се составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 12.1-22224/1
19 март 2014 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
м-р **Гордана Јанкулоска,** с.р.

Евиденција на лица за кои постојат основи за сомневање
дека се сторители на кривични дела или прекршоци

Прв дел на Образец број 6

| Реден број | Податоци за оперативната информација, оперативниот извештај или извештајот за легитимирано или непосредно забележано лице | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Оперативна информација /оперативен извештај/непосредно забележано лице<br>Број и датум | Датум кога е извршен уписот | Презиме, име и организациска единица на полицискиот службеник кој ја изготвил и добил информацијата | Кратка содржина | Презиме и име на лицето или лицата за кои постојат основи на сомневање дека се сторители на кривични дела или прекршоци | Проценка на информацијата 5x5 | Презиме и име на полицискиот службеник задолжен за постапување | Барани појаснувања на полицискиот службеник во врска со информацијата и датум |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |

Втор дел на Образец број 6

| Податоци за изворот на информацијата | | | | | Изготвен оперативен извештај со број и датум | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на граѓанинот и датум | Презиме, име, единствен матичен број на граѓанинот | Место и адреса на живеење | Датум на извршена контрола | Датум на доставени податоци за граѓанинот до надлежната организациона единицата | | |
| 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |

Образец број 6-а

Евиденција на лица за кои постојат основи за сомневање
дека се сторители на кривични дела или прекршоци

| Реден број / Датум кога е извршен уписот | Врска информација со број и датум | Кратка содржина на оперативниот извештај | Презиме и име на лицето или лицата за кои постојат основи на сомневање дека се сторители на кривични дела или прекршоци | Проценка на извештајот 5x5x5 | Организациска единица или друг орган на кој доставен | Презиме и име на полицискиот службеник кој го изготвил оперативниот извештај | Одложен оперативен извештај во | Вид на актот со евиденциски број и датум кој се изготвува по оперативниот извештај | Забе-лешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |

Образец број 6-б

## Евиденција на лица за кои постојат основи за сомневање дека се сторители на кривични дела или прекршоци

| Реден број<br>Датум кога е извршен уписот | Оперативен извештај (број, датум)<br>Проценка на извештајот | Презиме, име и организациска единица на полицискиот службеник кој го изготвил оперативниот извештај | Кратка содржина на оперативниот извештај | Презиме и име на лицето или лицата за кои постојат основи на сомневање дека се сторители на кривични дела или прекршоци | Презиме, име и организациска единица на полицискиот службеник кој е задолжен за постапување | Вид на актот со евиденциски број и датум кој се изготвува по оперативниот извештај | Евиденциски број и датум на известување | Забе-лешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |